

Јане Ченто, внукот на Методија Андонов Ченто и осуденик за случувањата во македонското Собрание на 27 април, во Фејсбук статус пренесе траорни сведоштва за се што преживува тој во затворот, но особено неговото семејство, родителите и малото дете.

Јане Ченто е осуден на 15 години затвор поради упадот во Собранието, односно е дел од групата "терористи" кои без двоумење се впуштија во одбрана на македонскиот национален идентитет.

Јане Ченто се обрати преку неговата Фејсбук страна – Слобода за Јане Ченто.

Ова е неговиот статус:

Каква е таа правда побогу, која јас и моите сопатници во оваа неправда што ја трпиме веќе 5 година по македонските затвори, распространети од Шутка до Штип и Прилеп?!?!
Не нарекуваа „извршителите од 27" а не сме – 5 години по затвори и системот СПИЕЕЕЕЕЕ!
Осудени на преку 220 години затвор.

Голем дел од нас имаа по 2 години притвор во Шутка некои и повеќе од 2 години. И сега сме раштркани низ казаматите македонски. Кај нас казните беа од 7-8-10-12-13-15-18 години поединечни.

Оние ги нарекуваа наводни „организатори" ( за кои мислам дека и за нив е класично

политичко монтирано дело) добија казни по 6 или 6 и пол години.
Или вкупно 25 години затвор односно колку што треба да лежи само Јане Ченто и Игор Југ. Во другиот случај.

Ова писание не е да ги окривувавм овие што добија казни по 6 години за исто кривично дело како нашето.

Ова писание е за Македонија и македонскиот народ да видат што ни прваат нас веќе 5та година, БЕЗ НИКАКВА ПОЛИТИЧКА ВОЛЈА да биде решен нашиот случај и конечно да излезиме на слобода или да се браниме од слобода во една фер и правична судска постапка.

Како можете да живеете во ваков судски – политички систем мој народе, лидери на партии, јас не можам да ве разбирам?
Ставете се на местото од мојот татко, кој доаѓа секој три недели за Штип да ми носи храна за да можам да преживеам.

Последните 5 години, човекот не е застанат поради мене, шеќерот му се качи, остаре за 20 години кога го видов последен пат оти не знае како да ми помогне да ја исправиме неправдата, тоа убива другари, да го гледате својот татко со солзи во очи оти не знае што да направи за да го извлече својот неправедно осуден син од затвор….. Сте се ставиле во така ситуација другари и пријатели, познаници и лидери на партии, пратеници……

Сте се ставиле на место кога се разболуваме по затворите не знаме дали тоа ни се последните часови…. Тие последни слики….. Па едвај се спасуваш со Божја сила и молитва.

Сте се ставила на место мое, како е кога вашиот син го лажете дека ќе си дојдете дома за брзо а поминуваат денови и денови и кога ќе ти рече синот “ТАТО ТИ НЕ МЕ САКАШ, МЕ ОСТАВИ И НЕ СЕ ВРАЌАШ”….. Ќе ве боли нели?

Сега истото поставете си го дека го слушаш 1600 дена СЕКОЈ ДЕН…А тој расти, разбира веќе полека полека …..
Не може да го сфатите нели?
Удбоно е таму каде што сте нели?

Во најмал случај спиете дома со вашите фамилии? И да е лошо нешто пак сте заедно нели??
Затоа и ве замолувам да ни помогнете.

Ставте сега дека некој ваш го доживува ова што јас и другите го трпиме 5 години.
Ставете се за СЕКУНДА ако не можете повеќе видите како е….
И до кога….. Ние ЧЕКАМЕ уште нели.

Се бориме ОД ЗАТВОР ПРОТИВ ОКУПАТОРИТЕ, ПРЕДАВНИЦИТЕ.

ЌЕ СТАНЕТЕ ЛИ КОНЕЧНО ДА СЕ ИЗБОРИТЕ ЗА НАШАТА ПРАВДА БЕ ДРУГАРИ?
Како држава, партии во Собрнаие има многу, има механизми да се среди се ова.
Ние не бараме преку леб погача, бараме правда и фер судење.

Многу време помина другари и сите вие што ни викате издржете, тешко е, ќе бидам искрен.
Се држиме, се крепиме колку можеме во таква средина што сме.

Ама боли другари, боли кога гледаме дека сме оставени сами…. 5 ГОДИНИ!
Ќе се направи протест еден ден и толку, тогаш сум најсреќен ако ми верувате.
Меѓутоа сето тоа е залудно барем досега.

Ве повикувам нашето прашње да влезе во институциите, да видиме кој е за а кој против да се реши случајот 27ми Април.
Премногу гнев, бес и болка има измешано.

Се надевам дека ова писмо ќе допре до сите од обични членови на партии, да побараат кај нивните повисоки структури дека Е ДОСТА со нас, дека мора да се избориме за тие луѓе……… Да се качи на највисоко можно ниво сето ова што
 случува со нас.

Да имаат слух политичките лидери се работи за ЧОВЕЧКИ ЖИВОТИ.
 Ние немаме два животи другари, не чекаат фамилиите, пријателите, не чека работа.
 Како сакате сфатете ме, ја сум само обичен затвореник кој под емоции ви го пишува ова бидејќи знам дека сме жртвени јарци за нечии политички цели.

Докажавте тоа што ТРЕБАШЕ, време е да се среди овој случај.
 Кој мисли да го заташка еден ден ќе му се удри од глава.
 Дали ќе ни помогнете зависи од вас.

Да сте живи и здрави
 Да живее Република Македонија

Писмо од Јане Ченто
 Испратно на 05.02.2022 година”

Линк до Фејсбук статусот:

https://www.facebook.com/100063636008880/posts/346757340788797/